**Информација за одржана Мисија за оцена на Твининг проект „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“**

Мисијата за оцена на Твининг проект „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“ (Twinning Review Mission) се одржа од 29 мај до 01 јуни 2023 година во деловните простории на Агенцијата за пошти.

Оваа Мисија се одржа како задолжителен последователен дел од Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“, финансиран од Европската Унија, кој се спроведуваше од декември 2018 година до јуни 2020 година.

Мисијата ја спроведоа г-ѓа Естера Ракиќ и г-ѓа Маја Мостарчиќ од Република Хрватска, и двете експерти во областа на поштенските услуги со долгогодишно искуство. На истата присуствуваа претставници од Агенцијата за пошти, како главен носител на проектот, како и претставници од Министерството за транспорт и врски и од АД Пошта на Северна Македонија, кои беа корисници на гореспоменатиот проект.

Целта на Мисијата беше да се оценат резултатите и активностите по секоја од четирите компоненти кои следеа по завршување на проектот: 1. Креирање на документи за политики и процедури; 2. Утврдување на соодветен систем за посебно сметководство и распределба на трошоци, модел за пресметка на нето трошоци на универзалната услуга и ценовна политика;  3. Зајакнување на улогата на инспекцискиот надзор на Агенцијата за пошти и Компонента 4. Воспоставување критериуми и законски одредби за EN 13724 стандардизираните приватни поштенски сандачиња. Петтата компонента Подобрување на капацитетите за специфична пазарна анализа, не беше тема на оваа Мисија бидејќи истата не се реализираше во склоп на овој проект поради пандемијата Ковид 19.

За време на четири дневната Мисија, експертите се запознаа до кој степен се остварени препораките кои беа дадени од страна на шпанскиот партнер во Твининг проектот за секоја од компонентите, за да се обезбеди одржливост на проектот.

Мисијата се фокусираше на статусот на предложените измени на Законот за поштенските услуги, односно подготовка на нов Закон, како и нови/изменети подзаконски акти кои ќе произлезат врз основа на истиот. Активностите за горе споменатото се одвиваат во соработка и координација со претставници од Министерството за транспорт и врски.

Тема на дискусија беше и повторното одложување на либерализацијата на поштенскиот пазар; во овој момент датумот е одреден за 01.01.2024 година (одлуката е на државно ниво).

Со претставниците од АД Пошта на Северна Македонија се дискутираше и за воведување на системот за посебно сметководство и алокација на трошоци, законска обврска која давателот на универзална услуга треба да ја исполни до 2025 година.

Експертите ја оценуваа и инспекциската улога на Агенцијата за пошти, односно надлежностите за вршење надзор врз поштенскиот пазар и учесниците во

истиот, и истата беше оценета како успешна, посебно ако се земат во предвид извршените редовни и вонредни надзори.

Како заклучок од извршената Мисија за оцена на Твининг проектот **„Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“ е дека истиот е успешен и одржлив. Агенцијата за пошти поседува доволно човечки ресурси и капацитет, а вработените знаење и експертиза за извршување на активностите и препораките кои произлегоа од проектот, а сето тоа во насока на подобрување на регулација на поштенскиот пазар и обезбедување на поквалитетни поштенски услуги за крајните корисници“.**